РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр. 08-276
30.01 2025 год.
ДЕЛЧЕВО

МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE, DEMOGRAFISË DHE RINISË - SHKUP
Бр. / Nr. 02-991/1
30-01-2025 год. / viti

Друштво за производство трговија угостителство градежништво и услуги
АТРИУМ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 03-6
30.01 2025 год.
Вевчани - Вевчани

**Договор за изменување на Договорот за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Делчево со арх. бр. 02-3113/6 од 07.09.2023 година и арх. бр. 03-80 од 07.09.2023 година**

1. **Министерство за социјална политика, демографија** и млади со седиште на ул. Даме Груев, бр.14 Скопје, претставувано од Министерот Фатмир Лимани, во понатамошниот текст Нарачател (Носител на група нарачатели), и
2. **Општина Делчево** со седиште на ул. Светозар Марковиќ бр.1 во Општина Делчево, претставувана од страна на градоначалникот Горан Трајковски, во понатамошниот текст: Нарачател (член на групата нарачатели), од една страна и
3. **Друштво за производство, трговија, угостителство, градежништво и услуги АТРИУМ ДООЕЛ увоз-извоз Вевчани**, со седиште на ул.6335 Вевчани, ЕМБС 5219264, застапувано од управителот Бобан Мукоски (во понатамошниот текст: Изведувач (Носител на набавката).

**Член 1**

Договорните страни го склучуваат овој Договор врз основа на член 66 од Договорот за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Делчево со МТСП архивски број 02-3113/6 од 07.09.2023 година, број на Носителот на набавката 03-80 од 07.09.2023 година, и архивски број на Општина Делчево 08-1784/1 од 07.09.2023 година и член 119 став 1 точка 3 од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија 24/19, Службен весник на Република Северна Македонија 87/2021 и Службен весник на Република Северна Македонија 14/2025).

**Член 2**

Предмет на овој Анекс е изменување на одредбите од Договорот за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Делчево со МТСП архивски број 02-3113/6 од 07.09.2023 година, број на Носителот на набавката 03-80 од 07.09.2023 година, и архивски број на Општина Делчево 08-1784/1 од 07.09.2023 година.

Овој Анекс се склучува по претходно доставено Барање за продолжување на рокот за изведба по Договорот за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Делчево од Изведувач АТРИУМ ДООЕЛ од 15.01.2025 година, доставено до Надзорен орган и Мислење од Надзорен орган ЗИМ „СКОПЈЕ„ АД Скопје во врска со продолжување на рокот на изведба со бр.03-57 од 23.01.2025 година, заверено во архива на МТСП со бр. 10-408/10 од 23.01.2025 година, поради тоа што согласно горенаведените документи постојат оправдани причини за продолжување на рокот за **дополнителни 5 (пет) месеци.**

**Член 3**

Член 4 став 2 од основниот договор се менува и гласи:

„Изведувачот е должен работите предвидени во член 2 од овој Договор да ги заврши во рок од 21 месец од денот на воведување во работа или заклучно до 21.06.2025 година."

**Член 4**

Согласно член 42 од основниот Договор, Носителот на набавката е должен на Договорниот орган да му достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 15% од вкупната вредност на Договорот, со која се обврзува дека навремено, квалитетно и според условите од договорот ќе ги изведе работите кои се предмет на овој договор.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност од дополнителни 60 дена од рокот предвиден за целосно реализирање на договорот, односно до 21.08.2025 година.

**Член 5**

Останатите одредби од основниот Договор остануваат непроменети.

**Член 6**

Овој Договор влегува во сила со денот на неговото потпишување од сите договорни страни.

**Член 7**

Овој Договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои по 2 (два) примероци за секоја договорна страна.

| Министер | Градоначалник | Управител |
|---|---|---|
| Fatmir Limani | Горан Трајковски | Бобан Мукоски |

Изработил: Теодора Васиќ Петровска, Советник
Согласен: Љубица Панова, Раководител на сектор
Одобрил: Fatmir Sabriu, Државен секретар